61249

ДНЕВНИК, ПЕТОК, 28 НОЕМВРИ 2008 3831.19

MUSEUMOFCONTEMPORARYARTSKOPJEMУЗЕЈНАСОВРЕМЕНАТАУМЕТНОСТСКОПЈЕ
МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ
Ул. Самоилова бб. п.ф. 482, 1000 Скопје
тел. 02 311 77 34, 02 311 77 35; факс 02 311 01 23
ел.-пошта: moca@sonet.com.mk
www.msuskopje.org.mk www.aimc-macedonia.org

## Премиера на едночинката „Плаштот" од Пучини

Оперската едночинка што трае 45 минути, „Плаштот" од Џакомо Пучини ќе биде премиерно изведена утревечер во 20 часот во Македонската опера и балет. Претставата ја режира првенецот на Операта, Цветан Стојановски, а ќе диригира Саша Николовски-Ѓумар. Асистенти на режија се Трајко Јордановски и Игор Пармаковски. „Плаштот" била последен пат поставена пред 50 години. Претставата е прв дел од трилогијата на Пучини, во која спаѓаат и „Сестра Анџелика" и „Џани Скики".

- „Плаштот" припаѓа на веристичкиот репертоар, кој зборува за човековата љубов, страста, омразата, смртта. Сакавме да ги избегнеме досегашните начини на поставување на претставата, од она што можевме да го видиме по разни видеозаписи. Интересно е што возраста на пејачите што ги толкуваат улогите одговара со таа во самото либрето - рече Стојановски.

Тој е првенец во МОБ од 1989 година. Вели дека по долги години, сега условите за работа во матичната куќа биле многу подобрени, со „сцена на која сè функционира".

Сценографијата е на Зоран Николовски, а за костимите - Марија Пупучевска. Учествуваат и оперскиот пејач Ѓорѓи Цуцковски, Нико Исаков од Бугарија, Павлина Новакова-Георгиев, Дејан Стоев, Бранислав Поп Георгиевски, Марика Поповиќ. (С.П.)

# Формирани комисии за оценување културни проекти

Министерството за култура ги формираше комисиите што ќе ги оценуваат пријавените проекти по дејности за Годишната програма од национален интерес. Комисиите се стручно и советодавно тело на министерот за култура и тие треба нивната работа да ја завршат до крајот на оваа година. Годишната програма за култура од национален интерес треба да биде објавена на почетокот на 2009 година.

Министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска очекува богата културна понуда за идната година.

- Сакаме до година да имаме богата културна понуда. Затоа при формирањето на комисиите се водеше сметка членовите да се стручни за областите, да не се вработени во Министерството, но да не се раководители во институциите на културата и да не конкурирале со свои проекти. Сакаме објективни комисии и богата програма што ќе биде поддржана со буџет поголем од годинашниот - вели министерката Канческа-Милевска.



Со зголемен буџет в година повеќе културни проекти: сцена од претставата „Сомнително лице" на МНТ

Во областа на аудиовизуелните богатства ќе одлучуваат: Роберт Јанкуловски, Валентино Димитровски и Агрон Идризи. Одговорни за музејската програма се: Марјан Јованов, Марко Китевски и Халиде Палоши.

Тројца членови има и комисијата која ќе одлучува за програмите од ликовната уметност и галериската дејност. Во неа се: Трајче Блажевски, Владимир Муковски и Нехат Беќири. Книжевната сцена в година ќе ја креираат Танас Вражиновски, Витомир Митевски и Ќамил Руфати.

По апликациите на театрите, односно кој ќе добие поддршка во драмската дејност ќе решаваат: Јордан Плевнеш, Игор Стојчевски и Хисмет Рамадани. Во областа на музејско-сценската дејност понудата ќе ја направат Елпида Паковска, Фимчо Муратовски, Олег Кондратенко, Бекир Сејфулаху и Михајло Куфојанакис.

Дејноста на заштитата на културното наследство ќе биде поддржана од проектите што ќе ги оценува Иван Микулчиќ, Донка Барџиева-Трајковска и Неџати Залбеари.

За проекти од областа на библиотечната дејност ќе одлучуваат Снежана Мирасчиева, Сузана Котовчевска и Заќир Мемети, додека за програмите за центрите на култура ќе решаваат Зоран Џорлев, Ристо Солунчев и Хаки Мустафа.

Годинава е формирана и комисија за инвестиции во културата во која се Јасмина Хаџиева-Алексиевска, Драган Бошнаковски и Беким Реџепи.

Комисијата треба понудените програми да ги оцени и да ги предложи како програми од национален интерес на министерката за култура која го има крајниот збор, односно треба да потпише.

(Л.Г.Д.)